**Општина Охрид**

Бр. 09-4735/6

Охрид, 08.08.2022 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 05/02) и член 34 од Статут на општина Охрид („Сл. Гласник на општина Охрид" бр. 08/07, 01/08 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 51 став (10) и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) односно член 9б од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ" бр. 32/20) и Решението за организирање на јавна анкета и јавна презентација бр. 09-4735/6 од 08.08.2022, Градоначалникот на општина Охрид, донесе:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
**за Архитектонско-урбанистички проект за ГП бр.7.1.96 на дел од КП 10888, дел од КП 10885, 10993/3, 9286/20 и 9286/21 КО Охрид 2, во ДУП УРБАНА ЗАЕДНИЦА 7 БЛОК 7.1 Охрид, со намена В1-образование, општина Охрид**

**СЕ СООПШТУВА организирање на јавна анкета и јавна презентација за АУП за ГП бр. 7.1.96 на дел од КП 10888, дел од КП 10885, 10993/3, 9286/20 и 9286/21 КО Охрид 2, во ДУП УРБАНА ЗАЕДНИЦА 7 БЛОК 7.1 Охрид, со намена В1-образование, општина Охрид,** со тех. бр. 14-18 од јули 2022 год. изработен од **"СНЕГАР КОМПАНИ" ДООЕЛ Охрид.**

1. Проектниот опфат на **АУП за ГП бр. 7.1.96 на дел од КП 10888, дел од КП 10885, 10993/3, 9286/20 и 9286/21 КО Охрид 2, во ДУП УРБАНА ЗАЕДНИЦА 7 БЛОК 7.1 Охрид, со намена В1-образование, општина Охрид** е со површина од 6921м2, и истиот граничи:
   - **на југоисток** со Собирна улица „7-ми Ноември", дефинирана по постоен ДУП
   - **на север** со Станбена улица **„**Беќир Алириза" дефинирана по постоен ДУП
   - **на запад** со Пристапна улица **„**Новопроектирана 2" дефинирана со постоен ДУП
2. Јавната анкета ќе трае од **15.08.2022 - 19.08.2022 год**.
3. Јавната презентација ќе се одржи во големата сала на општина Охрид на ден **17.08.2022год**. (среда) со почеток во **12.00 часот**.
4. Заради обезбедување пристапност и увид од страна на граѓаните и правните лица планот ќе биде истакнат во холот на општина Охрид пред големата сала за состаноци.
5. Стручната служба ќе дава објаснување секој работен ден од 12.00 до 14.00 часот во просториите на општина Охрид.
6. Заинтересираните физички и правни лица, како и субјектите од член 32 став 1 од цитираниот Закон за просторно и урбанистичко планирање своите предлози и забелешки, додека трае јавната анкета, може да ги доставуваат на анкетни листови до надлежниот орган кој е организатор на анкетата.

   Доколку во времетраењето на јавната анкета заинтересираните не доставаат анкетни листови и предлози, ќе се смета дека немаат забелешки и предлози на проектното решение.

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
Кирил Пецаков